Работилница за анализа на работењето на фарма со помош на податоците од ФМС

Упатството за водење мониторинг кај индивидуалните земјоделски производители (фарми)

ДЕФИНИЦИИ

Вкупна вредност (аутпут) на фарма

- Кај растителното и сточарското производство тука влегуваат приходите реализирани од продажба на производите, како и вредноста на производите упоребени за исхрана од страна на домаќинството и вредноста на производите употребени на самото стопанство. Исто така, во вкупен приход на фарма влегува и приходот остварен на фармата од други активност врзани со земјоделската дејност.

Вкупен приход

- Вкупниот приход се добива кога количината реализиран производ се множи со цената на реализација (продажната цена).

Варијабилни трошоци

- Под варијабилни (променливи) трошоци ги подразбираме тие што се менуваат со промената на обемот на производството.
- Варијабилните трошоци се краткорочни трошоци (вообичаено се реализираат во рок од помалку од една година)
- Се јавуваат само доколку има производство (а не се јавуваат доколку ништо не се произведува)
- Вариираат согласно со обемот на производството
- Лесно може да се распоредат на секоја линија на производство

Трошоци за семенски материјал, ѓубрива, заштитни средства, транспорт, најмена механизација, најмена работна сила итн.

Фиксни трошоци

- Фиксните трошоци се долгорочни трошоци
- Вообичаено во вкупниот износ остануваат исти, независно од обемот на производство
- Не се менуваат при промена на обемот на производството (не зависат од мали промени во однос на големината на линијата на производство или интензитетот на производство)

Трошоци за амортизација, поправки на механизација, сместување на механизацијата, телефонски трошоци, постојана работна сила, плаќањата на наемнина, каматата на вложените средства и сл.

Бруто маржа

- Маргинален резултат, нето приход, бруто финансиски резултат, бруто маржа или контрубуциона маржа се термините кои ја означуваат разликата помеѓу остварената реализација и пропорционално варијабилните трошоци.

Бруто маржа = вкупен приход - вкупни варијабилни трошоци

Бруто маржа (%)

- Ако маргиналниот резултат се покажува како стапка, тогаш треба да се има предвид дека станува збор за процентуално покажување на резултатот од приходот при продажбата на производите. Стапката на маргиналниот резултат е значаен показател и покажува колку секој денар од реализацијата придонесува кон покривање на фиксните трошоци и нето резултатот т.е. добивката.
- Колку е пониска, толку е поголем делот за покритие на фиксните трошоци и добивката.

Бруто маржа (%) = вкупни варијабилни трошоци/ вкупен приход х 100

Бруто маржа

Бруто маржата е:

- ► Добар показател на ефикасноста на фармата
- ► Основа за споредување на линиите на производство на една фарма
- ► Корисна алатка при планирањето

Бруто маржата НЕ е:

- ► Комплетен показател за профитот
- ► Иста од година за година, поради варирањата на приносот и продажните цени

Бруто маржата НЕ СЕКОГАШ е:

- ► Погодна за споредба на резултатите на различни фарми, поради варирањата на пресметката на варијабилните трошоци.

Бруто маржата во функција на менаџмент на фарма

Трите најчести грешки на фармата кои може да се откријат преку премногу ниска бруто маржата на хектар или по единица производ се:

- Низок принос (кај растенијата како резултат на болести, суша и сл, а во сточарството како резултат на слаба исхрана, болести и сл) или скапи инпути како на пример добиточна храна.
- Производството не е интензивно – не се користат високо приносни раси или квалитетни сорти, или пак култури кои носат поголем приход.
- Фиксните трошоци се премногу високи – труд, механизација, закупнина и друго.

Цена на чинење

Цената на чинење на одреден производ се однесува на просечните трошоци за производство по единица производ.

Цена на чинење = трошоци/принос

Цената на чинење на одреден производ може да се пресмета и само врз база на варијабилните трошоци:

Цена на чинење =

варијабилни трошоци/принос

Нето добивка/загуба

- Ако вредноста на аутпутот да е поголема од вредноста на инпутите се остварува **добивка (профит)** од работењето.

Вкупен приход - Вкупни трошоци

- Ако вредноста на аутпутите е помала од вредноста на инпутите се јавува **загуба**.



Вкупни варијабилни трошоци/принос =
цена на чинење при варијабилни трошоци

Вкупни трошоци/принос =
полна цена на чинење